Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-353/2
20.05.2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08–353/1 од 02.04.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, за извршена дискриминација врз основа на религија или верско уверување во друга област определена со закон, конкретно Закон за празниците, од страна на Собранието на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–353/1 од 02.04.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скооје, **ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 02.04.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, за извршена дискриминација во врз основа на религија или верско уверување во друга област определена со закон – Закон за празниците, од страна на Собранието на Република Северна Македонија

Според наводите во поднесената претставка подносителот како албанец од исламска вероисповед се чувствувал дискриминиран бидејќи православните верници имале 5 (пет) верски празници, а муслиманите само 1 (еден). И другите државни празници според подносителот биле 4 (четири) наспроти 1 (еден). Тој наведува дека Уставот на Република Северна Македонија бил дециден и велел дека не смее да има ваква дискриминација.

Од изнесеното во претставката, Комисијата утврди дека нема надлежност за постапување по конкретното прашање согласно нејзините утврдени надлежности со член 21 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација. Имено, подносителот може да се обрати до Министерство за труд и социјална политика како надлежен орган за донесување на Законот за празниците со кој се уредуваат државните празници и другите празници и со кој се определуваат неработните денови на празнувањето.

Врз основа на сето изнесено, се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
14.05.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- Архива на КСЗД